**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**Уп1 Бр.** 03-247

26.08. **2022 година**

**Скопје**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 14 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), точка 6 и точка 10 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, арх.бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година, точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.10-2929/1 од 25.07.2022 година и Заклучокот бр.02-3223/6 од 25.08.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 33-та седница одржана на 25.08.2022 година, го донесе следното:

## Решение
## за преземање мерка – јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 14 од Законот за медиуми, на начин што радиодифузерот во рамките на својот телевизиски програмски сервис емитуван на 4-ти јули 2022 г., во дел од емитуваните програми не ги објавил податоците за импресумот што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја посебна содржина од програмскиот сервис.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.10-2929/1 од 25.07.2022 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, во рок од 45 (четириесетипет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Закон за медиуми.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

## Образложение

Агенцијата врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и член 29 од Закон за медиуми (ЗМ), надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските од членовите 6, 8, 14 и 15 од ЗМ.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот Закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во согласност со член 29 став 2 од ЗМ, мерките кои Агенцијата како надлежно регулаторно тело може да ги преземе, а кои се утврдени во ЗАВМУ, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од ЗМ.

Според членот 14 од ЗМ, издавачот на медиумот е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на

медиум, име на одговорното лице на издавачот на медиум, име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум. За радиодифузери погоренаведената обврска се применува на тој начин што податоците се објавуваат на почеток или на крајот на аудио/аудиовизуелните програми. Издавачот на медиум е должен на соодветно место за секоја содржина да ги објави следниве податоци: име и презиме на авторот на објавениот прилог, име и презиме на лицето, односно фирмата носител на авторски права за објавените содржини, освен во печатениот медиум и радио програмите, датум на продукцијата (месец и година) кога се работи за аудио/аудиовизуелно дело, потекло на аудио/аудиовизуелното дело, а доколку делото е создадено од независна продукција и информација за истото, името на правното, односно името и презимето на лицето кое го чува користеното културно добро или архивско дело, односно соодветната репродукција и името на издавачот на медиум од кој е преземен програмскиот прилог или исечок од програмскиот прилог, освен ако со меѓусебен договор поинаку не е уредено.

Согласно точка 6 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, арх.бр.01-4443/1 од 09.10.2018 г., кај другите програми од сопствено производство, импресумот се објавува така што: на најавната или одјавната шпица се објавуваат следниве податоци: името и презимето на одговорниот уредник на програмскиот сервис; името и презимето на одговорниот уредник на редакцијата од која произлегува програмата (доколку има); името и презимето на уредникот/авторот/водителот на емисијата; името и презимето на ко-авторите, односно севкупната телевизиска екипа со удел во целината на аудиовизуелното дело; називот на субјектот што ја произвел програмата (самиот радиодифузер, копродуцентите, независниот продуцент кому му била нарачана програмата); датум на продукцијата (месец и година). Доколку е применливо треба да се објават и податоци за: името на правното лице, односно името и презимето на лицето кое го чува користеното културно добро или архивското дело, односно репродукцијата на делото; името на друг субјект од кој е преземен одреден прилог или дел од прилог, освен ако со меѓусебен договор не е уредено поинаку.

Согласно точка 10 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, арх.бр.01-4443/1 од 09.10.2018 г., кога емитува програми од туѓо производство, радиодифузерот треба да ја емитува оригиналната шпица.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 25-ти јули 2022 г., изврши редовен административен надзор на телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 4-ти јули 2022 г., при што констатираше дека во дел од програмите емитувани на 4 јули 2022 година, не се објавени податоците со кои: се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник/ уредниците на програмите, за потеклото и за датумот на продукција на аудиовизуелните дела, името на медиумот од каде што е преземена содржината. Тоа се податоци што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис. Спротивно на точката 6 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, на 4 јули, со општа најавна шпица – „Arhiva", емитувани се два документарни филма со нарација на ромски јазик: едниот, ненасловен, со етнолошка содржина, другиот насловен „Misafiri ko?", претставува портрет на музичарот Аљуш Тахир, а без податоци за импресум емитувана е и ТВ-снимка од аматерска театарска претстава насловена „Teatarsko Performansa". Спротивно на точката 10 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците: *„Кога емитува програми од туѓо производство, телевизијата треба да ја емитува оригиналната шпица"*, - во програмскиот сервис од 4 јули, под заеднички наслов/најавна шпица: „Chavorikani programa – animirano filmi", емитуван е блок од 5 засебни епизоди стари кусометражни анимирани филмови за деца, од продуцентот - „Warner Bros" (*Ворнер брадерс*), од серијата генерациски позната под насловот - „Looney Tunes" (*Луни тјунс*), продуцирана во периодот од 1940 до 1970 година. Според точката 10 од Упатството - секоја засебна епизода треба да биде емитувана со оригиналната најавна или одјавна шпица.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр. 10-2929/1 од 25.07.2022 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, на 26.07.2022 г., испрати Допис наш арх.бр.10-2929/2 од 26.07.2022 г. со кој му го достави Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.10-2929/1 од 25.07.2022 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗМ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 16.08.2022 г. Во предвидениот рок, Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, не достави писмено изјаснување за стореното прекршување на одредбите од ЗМ. Меѓутоа, на 22.08.2022 година, со овластен претставник од страна на радиодифузерот, а на иницијатива на надлежниот сектор во

Агенцијата, беше одржана работна средба, во врска со забелешките/прекршоците евидентирани во извештаите од редовниот програмски и административен надзор извршен на 4-ти јули 2022 година на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје. По реализираната работна средба, претставникот на радиодифузерот, целосно ги прифати, односно немаше забелешки по наводите од извештаите за административниот и за програмскиот надзор, за што составена е Службена белешка наш арх.бр.03-3212/1 од 23.08.2022 година. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 25.08.2022 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 14 од ЗМ, точка 6 и точка 10 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, арх.бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година, точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.10-2929/1 од 25.07.2022 година и Заклучокот арх.бр.02-3223/6 од 25.08.2022 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗМ, утврдено во точка 1. на ова Решение, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 25.08.2022 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, и му се наложува во рок од 45 (четириесетипет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗМ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, Агенцијата ќе изврши контролен надзор, со цел да утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него издавачот на медиум (радиодифузерот) може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен административен надзор, арх.бр. 10-2929/1 од 25.07.2022 г.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP

| Примено / Pranuar: 25.07.2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Njësia org. | Број / Numër | Прилог / Shtesë | Вредност / Vlerë |
| 10 | 2929 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен
2. **Субјект на надзорот:** Трговско друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 4 јули 2022 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 25 јули 2022 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 14 од Законот за медиуми** (импресум);
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (информации достапни за корисниците);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);
   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (идентификација на радиодифузер).
6. **Претходно изречена мерка:**
7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 4 јули 2022 година, на регионално ниво, <u>констатирано е прекршување на членот 14 од Законот за медиуми.</u>

Во дел од програмите емитувани на 4 јули 2022 година, не се објавени податоците со кои: се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник/ уредниците на програмите, за потеклото и за датумот на продукција на аудиовизуелните дела, името на медиумот од каде што е преземена содржината. Тоа се податоци што

радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Спротивно на точката 6 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, на 4 јули, со општа најавна шпица – „Arhiva", емитувани се два документарни филма со нарација на ромски јазик: едниот, ненасловен, со етнолошка содржина, другиот насловен „Misafiri ko?", претставува портрет на музичарот Аљуш Тахир, а без податоци за импресум емитувана е и ТВ-снимка од аматерска театарска претстава насловена „Teatarsko Performansa".

4 јули 2022

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| „Arhiva" – без наслов, етно-документарен филм; | 09:32:05 | 10:05:38 | Емисиите се емитувани без податоци за импресум. |
| „Arhiva" со наслов -„Misafiri ko?" – ТВ-портрет; | 12:26:16 | 13:20:31 | |
| Снимка од аматерска театарска претстава - „Teatarsko Performansa" | 16:46:43 | 18:25:13 | |

Спротивно на точката 10 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците: *„Кога емитува програми од туѓо производство, телевизијата треба да ја емитува оригиналната шпица"*, - во програмскиот сервис од 4 јули, под заеднички наслов/најавна шпица: „Chavorikani programa – animirano filmi", емитуван е блок од 5 засебни епизоди стари кусометражни анимирани филмови за деца, од продуцентот - „Warner Bros" (*Ворнер брадерс*), од серијата генерациски позната под насловот - „Looney Tunes" (*Луни тјунс*), продуцирана во периодот од 1940 до 1970 година. Според точката 10 од Упатството - секоја засебна епизода треба да биде емитувана со оригиналната најавна или одјавна шпица.

4 јули 2022

| Наслов на емисијата | | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|---|
| | | почеток | крај | |
| Блок анимирани филмови од продуцентот *„Warner Bros"* | Woody Woodpecker (*Петре Клукајдрвчето*) | 07:16:04 | 07:22:50 | Во програмата од туѓо производство не е емитувана оригиналната најавна/одјавна шпица. |
| | Woody Woodpecker | 07:22:51 | 07:42:58 | |
| | Chilly Willy (*Смрзнатиот Пингвин*) | 07:43:03 | 07:49:46 | |
| | Chilly Willy | 07:49:51 | 07:56:38 | |
| | Woody Woodpecker | 07:56:44 | 08:03:27 | |

8. **Опис на прекршувањето:**

Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми, телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, во програмскиот сервис од 4 јули 2022 година, во дел од емитуваните програми не ги објави податоците за импресумот што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја посебна содржина од програмскиот сервис.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, и во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***